СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ
НА МАКЕДОНИЈА
Архимедова 3,
1000, Скопје, Северна Македонија
e-mail: sojuz.na.matematicari@gmail.com
www.smm.org.mk

UNION OF MATHEMATICIANS
OF MACEDONIA
Arhimedova 3
1000, Skopje, North Macedonia
e-mail: sojuz.na.matematicari@gmail.com
www.smm.org.mk

До

____________________________

Почитувани,

Ве известваме дека Сојузот на математичари на Македонија, во текот на месеците октомври, ноември и декември 2021 година, ќе организира **Есенска математичка школа 2021** за учениците од основните и средните училишта од целата држава, поточно за учениците од 4 до 9 одд. и учениците од 1 до 4 год. Школата е наменета за сите ученици кои ја сакаат математиката и сакаат да ги откриваат убавините на математиката со продлабочување на постоечките знаења и стекнување нови знаења и вештини. **Наставата на школата ќе биде онлајн.**

Предавањата на Школата ќе се реализираат во деновите**: 16, 30 октомври, 6, 13, 20 и 27 ноември 2021 год.** По завршувањето на предавањата учениците ќе полагаат завршен тест. Датум на полагање на завршниот тест е **11 декември 2021 год.**

Секој редовен ученик-учесник на Школата ќе добие сертификат за учество, а најдобрите на завршниот тест ќе добијат и дипломи за постигнатиот успех на тестот.

Крајниот рок за пријавување е **2 октомври 2021 год.** Пријавувањето на Школата се извршува исклучиво преку формата за пријавување кон која се пристапува од страницата на школата https://smm.org.mk/matematicki-skoli/esenska-matematicka-skola-2021/.

**Котизацијата за учество на школата е 2.850,00 ден.** Во котизацијата се вклучени: 18 часа со предавања, материјали за школата и завршен тест.

Адреса за контакт: ems2021smm@gmail.com.

Би Ви биле благодарни доколку оваа информација ја проследите до учениците во Вашето училиште.

Со почит,

Проф. д-р Ѓорѓи Маркоски,

Претседател на Сојузот на математичари на Македонија